ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПАЗАРИ
Бр. 03-196/1
31.10.25 год.
БИТОЛА

Изработува: ЈП „Пазари”-Битола

И З В Е Ш Т А Ј

за работењето на

ЈП „П А З А Р И“ - Б И Т О Л А

ЗА

третото тромесечие од 2025 година
(01.07.2025 - 30.09.2025)

Битола,Октомври 2025год.

С О Д Р Ж И Н А

1. Динамика на структурата на остварениот приход.

2. Динамика на трошоците по место на настанување.

3. Динамика на остварен резултат.

Согласно со член 5 став 2 и 3 од Законот за Јавни претпријатија изготвуваме тримесечен извештај за финансиското работење на ЈП„Пазари"-Битола.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ПАЗАРИ"-БИТОЛА ЗА ТРЕТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2025 ГОДИНА

(период 01.07.2025 до 30.09.2025 год.)

1.ДИНАМИКА НА СТРУКТУРАТА НА ОСТВАРЕН ПРИХОД ЗА ТРЕТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2025

ТАБЕЛА БР.1

Динамика на приходи за трето тромесечие од 2025 со споредбени показатели за2024

Ред. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	Остварено за период 01.07.-30.09.24	Остварено за период 01.07.30.09.25	разлика 25/24
1.	Приходи од продажба на усл. на домаш. пазар	3552798	3321613	-231185
2.	Приходи од наемнина	1823220	1868319	45099
3.	Пиходи од наплатени отпиш. поб. и вонредни прих.	27500	158711	131211
4.	Приходи од донации и помошти	422700	4008265	3585565
5.	Вонр. непред. прих.и прих по судски одлуки	13873	42643	28770
	ВКУПНО	5840091	9399551	3559460

Во табела бр. 1 напоредно се прикажани остварените приходи за третото тромесечие од 2025 година со споредбени показатели за третото тромесечие од 2024 година.

Основните приходи ЈП „Пазари" ги остварува од продажба на услуги на домашниот пазар и од наплата на наемнината од деловните објекти кои ги стопанисува. Движењето на приходите од основната дејност во табела бр.1 се евидентирани под реден број 1 и 2. Приходите под реден број 3, 4 и 5 се менливи категории и не зависат во целост од редовното работење. Тука влегуваат приходите од наплатени отпишани побарувања,приходи од донации и помошти, приходите од поранешни години, приходите по основ на осигурување и приходи од употреба на сопствени стоки и сл.

Динамика на расходи за трето тромесечие од 2025 со споредбени показатели за 2024

ТАБЕЛА БР.2

Ред. бр.	конто	ЕЛЕМЕНТИ	остварено од 01.07 до 30.09.2024	остварено од 01.07 до 30.09.2025	% на учество	разлика 25/24
1	4000	Потрошени суровини и материјал	30991	30890	0,38	-101
2	4010	Потрошен канцелариски материјал	24445	9859	0,12	-14586
3	4011	Потрошени средства за хигиена и дезинфекција	4697	5121	0,06	424
4	4030	Потрошена електрична енергија	147628	278131	3,41	130503
5	40301	Дистрибуција на ел.енергија	33729	41419	0,51	7690
6	4032	Потрошен бензин	6977	3287	0,04	-3690
7	4070	Отп.на ситен инвентар		4618	0,06	4618
8	4110	Трош. за ПТТ услуги (телефон и интер.услуги)	62695	59647	0,73	-3048
9	413	Услуги за одржување	435225	62393	0,76	-372832
10	4150	Трошоци за вода	130017	115153	1,41	-14864
11	4151	Трошоци за губре	134232	154053	1,89	19821
12	4152	Трошоци за канализација	14332	39478	0,48	25146
13	4158	Ветеринарни,санитарни и слични услуги	38000			-38000
14	419	Останати услуги (регистрација,огласи,интел. ус)	17928	6758	0,08	-11170
15	41990	Услуги од Агенција за вработување	1053885	1201959	14,72	148074
16	421	Вкалкулирани плати (нето плата)	3604974	3672365	44,97	67391
17	4211	Даноци и придонеси од плата	1569710	1845634	22,60	275924
18	4223	Регрес за годишен одмор	494457			-494457
19	442	Надомест на др. трошоци.(трош. за У.О и Н.О)	84444	127777	1,56	43333
20	443	Трошоци за спонзорства	201639	246000	3,01	44361
21	444	Трошоци за репрезентација		945	0,01	945
22	445	Премии за осигурување		91539	1,12	91539
23	4461	Банкарски услуги	21855	19796	0,24	-2059
24	447	Данок на имот и права,член. на комори	22755	20200	0,25	-2555
25	44792	Административни и судски такси		4922	0,06	4922
26	449	Адв.и нотарски усл.,вештач.,проценка на вред.	12000	20146	0,25	8146
27	4492	Трошоци за книги,дневни и неделни весници		14276	0,17	14276
28	4690	Трошоци за спорови,админ. и судски такси		11530	0,14	11530
29	4740	Каматаи за нематеријални вложувања	937	20196	0,25	19259
30	4749	Камати врз основа на останати обврски	8084	57283	0,70	49199
		ВКУПНО	8155636	8165375	100,00	9739

Табелата број 2 ја прикажува динамиката на трошоците по носители за третото тромесечие од 2025 година со споредбени показатели за 2024 година. Напоменуваме дека Амортизацијата како трошок ке се распредели на крајот од пресметковниот период, односно на крајот од тековната година.

3. ДИМАМИКА НА ОСТВАРЕНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ТРЕТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2025ГОДИНА СО СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

ТАБЕЛА БР.3

Ре. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	за третото тромесечие од 2024г.	за третото тромесечие од 2025г.
1.	Вкупен приход	5.840.091,-	9.399.551,-
2.	Вкупно расходи	8.155.636,-	8.165.375,-
	Загуба од работењето за третото тромесч.	2.315.545,-	
	Добивка од работењето за трето тромесеч.		1.234.176,-

Горната табела ја прикажува структурата и распределбата на деловниот резултат за третото тромесечие од 2025 година со споредбени показатели за 2024 година. Од табелата се гледа Вкупните расходи во ова тромесечие од 2025 година се на исто ниво во споредба со третото тромесечие од 2024 година ,а приходите бележат зголемување што се должи на приходите од донацијата од Општина Битола.

Намалувањето на приходите од продажба на услуги на домашен пазар од 7% главно се должи на горливиот проблем со нелојалната конкуренција и продажбата на земјоделски производи насекаде низ градот со што директно се намалуваат приходите на нашето претпријатие од една страна, а од друга страна се зголемува загадувањето заради нечистотијата која се остава најчесто во зелените површини и по тротоарите, како и неработењето на Сточниот пазар во ова тромесеције за разлика од третото тромесечие во 2024 година.Исто така намалувањето на основните приходи на претпријатието се во корелација со се помалиот број на склучени договори за изнајмување на тезга за продажба со што се намалува и количината на стока која се изложува а директно влиае на намалување на нашите приходи.Доколку овие аномалии беа отклонети можевме да очекуваме и зголемени приходи од основната дејност на претпријатието.

Битола,

27.10.2025г

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ * ПАЗАРИ * 1 БИТОЛА

ВД ДИРЕКТОР

До:
Управен Одбор на
Ј.П. „Пазари„ – Битола

М И С Л Е Њ Е

Од Надзорен Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

На одржаната 28-ма редовна седница на ден 31.10.2025 година по разгледувањето на Тримесечниот Извештај за работењето на Ј.П. „Пазари - Битола за третото тромесечие од 2025 година (01.07.2025 год. до 30.09.2025 год.), Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење даде **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за усвојување на Тримесечниот Извештај за работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола за третото тромесечие од 2025 година за периодот од 01.07.2025 год. до 30.09.2025 год.

02-187/3
Битола,
31.10.2025 год
09:30 часот

Претседател на Надзорен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ – Битола

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИ 1 БИТОЛА

Љубе Никлески

Врз основа на член 13 од Статутот на Ј.П. „Пазари“ – Битола, Управниот Одбор на својата 50– та редовна седница одржана на ден 31.10.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Тримесечниот Извештај од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола (01.07.2025 год. до 30.09.2025 год.)

1. СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ Тримесечниот Извештај од финансиското работење за третото тромесечие од 2025 година (01.01.2025 год. до 31.03.2025 год.)

2. Извештајот од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола е составен дел на оваа Одлука

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

4. По еден примерок од Одлуката да се достави до архивата, сметководството и до Совет на Општина Битола.

02-188/3
Битола,
31.10.2025 год.

Претседател на Управен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ - Битола

Владимир Крстевски